Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08,167/10 и 51/11) и член 30 став 3 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/2019) министерот за образование и наука ја утврди наставната програма по наставниот предмет **германски јазик (втор странски јазик)** за **седмо** одделение на деветгодишното основно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# Наставна програма

# ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК

**Втор странски јазик**

**VII (седмо) одделение**

**деветгодишно основно образование**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Германски јазик (втор странски јазик) |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителен |
| **Одделение** | **VII (седмо)**<br><br>По првата година од учењето на германскиот јазик во основното образование (VIодделение) треба да се достигнат основни знаења од нивото А1.1 (подготвително ниво).<br><br>По **втората** година од учењето на германскиот јазик во основното образование (VII одделение) треба да се достигнат понапредни знаења од нивото А1.2 (основно ниво).<br><br>По третата година од учењето на германскиот јазик (VIIIодделение) треба да се заокружат знаењата од нивото А1 (целосно ниво) и да се достигнат основни знаења од нивото А2.1 (подготвително ниво).<br><br>По четвртата година од учењето на германскиот јазик (IX одделение), треба да се достигнат делумни знаења од нивото А2.2 (основно ниво).<br><br>Стекнувањето на компетенциите во согласност со наведените нивоа ќе биде прикажано преку резултатите од учењето во сите наставни програми за основно образование (за VI, VII, VIII и IX одделение). |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 72/2 |
| **Цели на наставна програма** | Ученикот/ ученичката треба:<br>- да стекнува и да развива јазични, комуникативни, интеркултурни компетенции при изучувањето на германскиот јазик како втор странски јазик;<br>- да развива способности за поврзување на стекнатите знаења од првиот странски јазик, мајчиниот јазик и други предмети при совладување на вториот странски јазик;<br>- да стекнува елементарни навики и умеења за слушање, говорење, читање и пишување преку изграден систем од знаења на јазични и реченички единици, фонетски, правописни, лексички и граматички поими;<br>- да развива способност за самостојно учење и самовреднување според *Заедничката европска референтна рамка (Портфолио)*;<br>- да развива позитивен став кон германскиот јазик и култура, во рамките на посочените теми да се здобие со основни познавања за социокултурниот живот на своите врсници од оваа култура, а преку споредба со нив да ги збогатува познавањата за сопствената култура и постоење;<br>- да развива способности за почитување на интеркултурната комуникација и културната различност, почитување на човековите права, другите култури и традиции, почитување на многујазичноста и збогатување на јазичната и |

| | |
|---|---|
| | општата култура;<br>- да развива повисока свест за јазичната комуникација како средство преку кое се пренесува културното наследство и културата на живеење, преку размена на идеи, мислења, чувства, вредности, норми и обичаи на заедницата и останатите заедници и<br>- да формира критички однос кон својата и туѓите култури и да се оспособува за развивање толеранција и емпатија кон другите и различните од себе. |
| **Материјално-технички и просторни услови** | Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на нормативот за простор донесен од страна на министерот за образование и наука.<br>Просторните услови и опременоста на училниците за успешна реализација на наставната програма за седмо одделение треба да се во согласност со општиот норматив за опременост за реализирање на наставните програми за седмо одделение на основното образование.<br>Се препорачува, заради полесен визуелен контакт помеѓу учениците, за да слушнат подобро што се зборува, клупите да бидат наредени на следниот начин: повеќе клупи доближени заедно, разни варијанти на буквата П, како и преместување и групирање на столчињата по потреба (при работа во групи). |
| **Норматив за наставен кадар** | Наставата по *германски јазик* може да ја изведува лице кое завршило:<br><br>- студии по германски јазик и литература – наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по германски јазик и книжевност- наставна насока, VII/ 1 или 240 ЕКТС,<br>- студии по германски јазик и литература/ книжевност - друга насока и со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка за наставата по германски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС,<br>- двопредметни студии по македонски и германски јазик, VII/ 1 или 240 ЕКТС и<br>- студии по германски јазик и литература/книжевност- друга насока во комбинација со друг јазик и со здобиена соодветна педагошко - психолошка и методска подготовка за наставата по германски јазик на акредитирана високообразовна установа, VII/1 или 240 ЕКТС. |

<table>
<tr><th>Ред. број</th><th>Резултати од учење</th><th>Содржини и поими (примери)[1]</th><th>Активности и методи</th><th>Стандарди на оценување</th></tr>
<tr><td>1</td><td colspan="4">Моите другари и јас[2]</td></tr>
<tr><td>1.1.</td><td>Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:<br>– да препознае лексички единици, граматички структури и јазични функции за писмено и усно изразување</td><td>А) Јазични функции<br>▪ опишување физички изглед<br>Das ist mein Bruder. Er ist schlank und sportlich.<br>▪ изразување што може и што не може да направи<br>Du kannst so gut Klavier spielen. Mein Bruder kann gut Skateboard fahren.<br>▪ изразување омилени активности (слободно време, хоби)<br>Ich bin Steffen. Ich gehe gern ins Kino. Ich bin gern am Computer und surfe im Internet.<br>▪ давање, одбивање и прифаќање предлог<br>Wir gehen in den Park. Kommst du mit? – Ja, gern.<br>▪ изразување болка, упатување желби за брзо оздравување<br>Mein Bein tut weh. - Gute Besserung!</td><td>– активности за препознавање информации (вежби со повеќечлен избор, точно/погрешно),<br>– поврзување слика со текст<br>– реагирање на поставено прашање;<br>– барање/давање информации;<br>– водење дијалози;<br>– изработување и презентирање на постер/плакат;<br>– преведување лексички единици и едноставни граматички структури од германски на мајчин јазик</td><td>Ученикот/ученичката може да:<br>1.1.1. идентификува зборови и фрази за опишување<br>1.1.2. опишува личности или домашни миленици<br>1.1.3. применува едноставни граматички структури<br>1.1.4. применува новонаучени зборови и изрази во нов контекст<br>1.1.5. издвојува и репродуцира клучни зборови и изрази или реченици од куси текстови со едноставна содржина</td></tr>
</table>

[1] Содржините и поимите дадени во наставната програма се однесуваат на сите резултати од учењето.
[2] Насловите на темите се дадени согласно лексиката и јазичните функции.Тие може да бидат и поинаку формулирани, но материјата што се обработува останува иста.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.2. | – да разликува глобално и селективно важни информации во пишуван и говорен текст | ▪ Давање и одбивање предлог и понуда; честитање<br>Sag mal, hast du am Samstag Zeit? - Tut mir leid. Ich kann nicht. Ich bin krank.<br>Alles Gute! Herzlichen Glückwunsch! Frohe Weihnachten! Frohe Ostern!<br><br>**Б) Лексички единици**<br>▪ изглед, карактерни особини<br>nett, groß, schlank, sympathisch<br><br>▪ називи на делови од телото, на облека, на миленичиња.<br>die Haare, die Augen, die Nase, der Mund, das Meerschweinchen, der Hund, der Wellensittich, die Jacke, die Bluse, die Hose, der Pulli<br><br>▪ активности во слободното време, годишни времиња, месеци, денови во седмицата, збирка предмети<br>Tennis spielen, Ski fahren, Snowboard fahren,schwimmen, tauchen, der Frühling, der Sommer, der Herbst, der Winter; der Januar, der Februar, der März,der Montag, der Dienstag, der Mittwoch, der Kuli, die Ohrringe<br>▪ делови од тело, болести<br>der Fuß, der Arm, das Bein,die Kopfschmerzen, das Fieber, die Grippe<br>▪ давање и одбивање предлог и понуда; честитање<br>Ich gehe auf den Spielplatz.Kommst du mit? – Nein, ich möchte nicht mitspielen. | – вежби кои ќе го воведат ученикот во содржината: визуелни асоцијации (слики, фотографии, асоциограми);<br>– дискусија на нова содржина на мајчин или германски јазик за активирање на предзнаењата на ученикот/ученичката);<br>– слушање аудио/видео снимки со автентичен говор и говор на наставникот; | 1.2.1. го препознае и толкува глобално и селективно значењето на кус текст со содржина од секојдневниот живот<br>1.2.2. поврзе и издвои зборови и изрази<br>1.2.3. издвои и репродуцира клучни зборови и фрази или реченици од куси текстови со едноставна лексика<br>1.2.4. поврзува елементи на текст во кохерентна целина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Jan hat bald Geburtstag. Wir gratulieren ihm. | | |
| 1.3. | – да примени лексички единици, граматички структури и јазични функции за да даде, да одбие и да прифати предлог | **В) Граматички структури**<br>▪ глаголиво презент<br>▪ често употребуваните слаби и јаки глаголи<br>▪ деливите глаголи во презент<br>Gehst du hin? – Nein, ich sehe lieber fern.<br>▪ модалниот глагол *können*<br>Kannst du gut singen?<br>▪ глаголите што означуваат дејство<br>spielen, tanzen, machen, basteln, sammeln<br>-валентност (специфична и/или задолжителна околина) на глаголите со субјект<br>▪ глаголи  без друга валентност освен субјект<br>Tina schläft bei ihrer Freundin.<br>▪ глаголи со предикатив (номинатив)<br>Sie ist **Ärztin**.<br>▪ глаголи со објект во акузатив<br>**Was** hast du gegessen? Tina hat **ein neues Handy**.<br>▪ глаголи со определба за место<br>Meine Großeltern wohnen **auf dem Land**.<br>-валентност (специфична и/или задолжителна околина) на глаголите со формалниот субјект *es*:<br>▪ глаголи без друга валентност | – пополнување текст со празнини;<br>– формулирање наслови врз основа на прочитан и слушнат текст;<br>– поврзување зборови со синоними;<br>– поврзување зборови со антоними | 1.3.1. препознае и користи одредени елементи употребени во комуникативни ситуации со позната тематика<br>1.3.2. издвои информации што се однесуваат на области од најнепосредна лична важност<br>1.3.3. поврзува и издвојува зборови и изрази и истите ги применува<br>1.3.4. ги примени информациите за да одговори на прашања или дадени барања<br>1.3.5. да разбере и да изрази забрана |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.4 | – да разликува и да избере соодветни лексички единици, граматички структури јазични функции за да изрази чувства | Heute regnet es.<br>▪ глаголи со акузатив и определба за место<br>**Dort** gibt es **viele Häuser**.<br>▪ глагол со определба за начин и датив<br>**Wie** geht es **dir**?<br>-реченична рамка: второ и последно место од лична и од нелична глаголска форма<br>▪ модален и главен глагол во исказна реченица<br>Sie muss heute lernen.<br>▪ модален и главен глагол во отворено прашање<br>Was muss sie lernen?<br>-реченична рамка: прво и последно место од лична и од нелична глаголска форма<br>▪ модален и главен глагол во отворено прашање<br>Muss sie heute lernen?<br>-реченична рамка: второ и последно место од лична глаголска форма и од првиот член на делив глагол<br>▪ исказна реченица<br>Tino kommt heute an.<br>▪ отворено прашање<br>Wann kommt Tino an?<br>-реченична рамка: прво и последно место од лична глаголска форма и | – работа со текстови од различни извори и пишување кратки искази;<br>– говорна интеракција;<br>– играње улоги според дадени модели;<br>– поврзување наслови со текст;<br>– пишување резиме за обработениот текст со употреба на едноставна лексика;<br>– преведување лексички единици и едноставни граматички структури од германски на мајчин јазик. | 1.4.1. препознава чувства според интонацијата на гласот<br>1.4.2. опишува сопствени и туѓи чувства и расположенија<br>1.4.3. разликува различни ситуации<br>1.4.4. ги разбере прашањата поврзани со темата и да ги одговори со поопширна лексика во писмена и усна форма<br>1.4.5. разликува реченица со и без модален глагол |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.5 | – да толкува информации со секојдневна тематика | првиот член на делив глагол<br>▪ затворено прашање<br>Kommt Tino heute an?<br>▪ јаки глаголи со промена на самогласката во основата во 2., 3. л. едн. презент<br>laufen, fernsehen, lesen, fahren, treffen<br>▪ презент од деливите глаголи со и без модален глагол.<br>▪ заповеден начин во второ лице еднина и множина.<br>Schau doch mal!<br>Spielt doch mal mit Simon!<br>▪ модалните глаголи *müssen* и *wollen* во презент<br>Du musst im Bett bleiben und Obst und Gemüse essen.<br>Ich will meine Mitschüler sehen. Zu Hause ist es langweilig.<br>▪ модалниот глагол *dürfen* во презент со реченична негација (*nicht dürfen)*<br>-Kommst du mit ins Kino?<br>-Ich darf nicht ins Kino gehen. Ich muss lernen.<br>▪ именки<br>▪ годишни времиња и месеци<br>der Frühling, der Sommer, der Herbst, der Winter; der Januar, der Februar, der März<br>▪ генитив на -s кај сопствени именки<br>Ankes Lieblingshobby ist Zeichnen. | – изработка на честитки;<br>– пишување ес-ем-ес пораки;<br>– прифаќање и одбивање покана, изразување спреченост, изразување причина за одбивање, заблагодарување, поканување, известување | 1.5.1. препознава зборови и изрази од секојдневна комуникација<br>1.5.2. раскажува за себе за и другите<br>да прави разлика меѓу формално и неформално обраќање<br>1.5.3. применува новонаучени зборови и изрази во нов контекст<br>1.5.4. образува граматички правилна реченица според валентноста на глаголот<br>1.5.5. образува реченица со делив глагол |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ▪ прилогот *gern:* компарација<br>Fußball spielt er gern, Tennis spielt er lieber, aber am liebsten schwimmt er.<br>▪ родот на називите на делови од телото, на облека, на миленичиња.<br>die Haare, die Augen, die Nase, der Mund das Meerschweinchen, der Hund, der Wellensittich, die Jacke, die Bluse, die Hose, der Pulli<br>▪ именки поврзани со темата прославување<br>Morgen habe ich Geburtstag. Ich bekomme Besuch. Meine Mutter macht eine Torte für mich. Ich bekomme Geschenke von meinen Eltern und Freunden.<br>▪ придавки: описни<br>groß, klein, rot, gelb<br>-заменки<br>▪ лични заменки во 1., 2. и 3. лице еднина и множина во номинатив<br>Ich habe eine Schwester. Sie spielt gern Schach und ist sehr intelligent.<br>▪ лични заменки во 1., 2. и 3. лице еднина во акузатив<br>Ich finde sie manchmal langweilig.<br>▪ личните заменки во датив во изразот:<br>Wie geht es dir?<br>-личната заменка *es* како формален субјект („безличното“ *es*) во изразите Wie geht’s? Es regnet. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | -показната заменка: *der* во номинатив<br>Welcher Tee ist für dich? – Der da.<br>▪ присвојните членски зборови за 1.,2. и 3. лице еднина во номинатив<br>Meine Schwester heißt Jana. Wie heißt deine Schwester? Ist das sein Bruder?<br>▪ предлози<br>▪ определба на насока: предлогот *in* + акузатив<br>Ich gehe ins Kino.<br>▪ определба на место: предлогот *in* + датив<br>Anna ist im Kino.<br>▪ определба за време: предлогот *an* + датив<br>Am Samstag und am Sonntag habe ich frei.<br>▪ предлогот zu + датив<br>Ich gratuliere dir zum Geburtstag.<br>▪ определба за време: предлогот *in* + датив од назив на годишно време и на месец<br>Meine Freundin hat im März Geburtstag.<br>Der Frühling beginnt im März.<br>▪ исказни реченици со и без модален глагол<br>Tom spielt Schach.<br>Tom kann gut Schach spielen.<br>▪ отворени прашања<br>Was für ein Hobby hast du?<br>▪ затворени прашања | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Spielst du gern Schach?<br><br>▪ прашални реченици со и без модален глагол<br><br>Wann spielt Tom Schach?<br>Wann kann Tom Schach spielen?<br><br>▪ исказни и прашални реченици со делив глагол<br><br>Meine Freunde gehen am Freitag aus.<br>Kommt ihr mit ins Kino?<br><br>▪ приредувачките сврзници *und* и *aber*<br><br>Tom hat braune Augen und seine Haare sind schwarz.<br>Lisa kann gut Englisch, aber sie möchte auch Spanisch lernen.<br><br>▪ изговор и прозодија: гласот [x] зад [a], [ɑ:], [ɔ], [u:], [au]:<br>machen, Sprache, doch, noch, Buch, suchen, brauchen, auch<br><br>**Г) Интеркултурни содржини**<br><br>-Хоби и активности во слободно време<br>Плакат: Mein Lieblingshobby<br>Portfolio: Da bin ich<br><br>-Облека и мода<br>Проект: Mein Modekatalog<br><br>-Интервју: Was machst du, wenn du krank bist?<br>- Прославување роденден<br>Честитки за роденден и покани | | |

| Ред. број | Резултати од учење | Содржини и поими (примери) | Активности и методи | Стандарди на оценување |
|---|---|---|---|---|
| **2** | | **2. Опкружување (дом, училница, детска соба, мебел)** | | |
| 2.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br>– да препознае лексички единици, граматички структури и јазични функции за да разбере важни информации во краток пишуван или говорен текст | **А) Јазични функции**<br>▪ Набројување и опишување простории во домот и мебел<br>Das ist meine Wohnung. Es gibt ein Wohnzimmer, ein Schlafzimmer, ein Kinderzimmer, ein Bad und eine Küche.Mein Zimmer ist groß genug. Ich habe ein Bett, einen Schrank, einen Schreibtisch, einen Stuhl und ein Regal.<br>▪ Опишување на местоположба на предмети<br>Das Bett ist unter dem Fenster. Der Computer ist auf dem Schreibtisch. Meine Bücher sind im Regal. Der Schrank ist rechts neben der Tür.<br>▪ опишување на секојдневието, наведување на време од денот со разговорен јазик<br>Morgens stehe ich um halb sechs auf. Dann wasche ich mir das Gesicht, putze mir die Zähne und ziehe mein Hemd und meine Hose an. Um Viertel vor sieben frühstucke ich und gehe in die Schule. | – дава писмен и усен одговор на структурирани прашања;<br>– дополнува реченици со празнини според дадена лексика;<br>– подредува елементи во реченица според правилен синтаксички редослед;<br>– конструира реченици според понудена лексика. | **Ученикот/ученичката може да:**<br>2.1.1. идентификува лексика потребна за опишување на домот;<br>2.1.2. класифицира именки според род и број;<br>2.1.3. разликува реченици со номинатив од оние со употреба на именки со акузатив;<br>2.1.4.применува јаки, слаби и модални глаголи во презент;<br>2.1.5. проценува кои зборови и нивни форми се потребни за да состави реченици со кои се опишува личното опкружување |
| 2.2. | – да разбере и да издвои важни информации | ▪ Опишување на домот и искажување мислење<br>Ich finde mein Zimmer sehr schön. Es ist hell und groß genug. Ich brauche nur noch einen Laptop. | – поставување прашања и давање одговор;<br>– водење дијалози;<br>– дополнување реченици со празнини; | 2.2.1. издвојува, да поврзува и да применува изрази;<br>2.2.2. опишува каде живее;<br>2.2.3. ја опишува својата соба;<br>2.2.4. применува предлози за место со датив за искажување местоположба; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Б) Лексички единици**<br>▪ дом, простории и предмети во домот<br>das Haus, die Wohnung, das Schlafzimmer, das Kinderzimmer, das Bett, der Schrank, das Regal, der Schreibtisch, der Tisch, der Stuhl<br>▪ секојдневни активности во домот<br>aufstehen, wecken, weiterschlafen, sich das Gesicht waschen, sich die Zähne putzen, ins Bad gehen, frühstücken, duschen, in die Schule gehen, einkaufen, kochen, den Müll rausbringen, sauber machen, putzen, aufräumen<br><br>**В) Граматички структури**<br>▪ глаголи во презент: *sein, haben,mögen, brauchen, stehen,liegen, es gibt*<br>Der Schreibtisch steht am Fenster, neben dem Bett ist das Bücherregal. Auf dem Schreibtisch steht eine Lampe, unter dem Schreibtisch ist ein Papirkorb. An den Wänden hängen Poster von meinem Lieblingssänger. | – поврзување на слики со искази,<br>– подредување зборови во реченица,<br>– составување реченици според дадени изрази | 2.2.5.ги препознава предлозите за место и насока bei, nach, zu<br>2.2.6. анализира реченици за искажување на местоположба на предмети. |
| 2.3. | – да опише секојдневни активности во домот и во училиштето | ▪ слаби, јаки и модални глаголи (*können, müssen*) во презент; модалниот глагол *mögen* во конјунктив претеритум<br>Karla isst immer um eins. Anna räumt ihr Zimmer auf und macht die Küche sauber. Sie muss den Müll nicht rausbringen. Sie möchte Gitarre spielen. | – опишување и раскажување по слики, видеоматеријали, ситуации и сл.;<br>– вербално реагирање на поставено прашање;<br>– вметнување зборови или реченични делови на празни места во реченица; | 2.3.1. препознава зборови и изрази што се користат во секојдневна комуникација;<br>2.3.2. го опише своето секојдневие;<br>2.3.3. применува новонаучени изрази во нов контекст;<br>2.3.4. опишува едноставни, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ▪ глаголи**:** често употребувани слаби и јаки глаголи, глаголот *finden* + определба за начин и глаголот *mögen* како главен глагол во презент<br>Wie findest du das Zimmer von Sara?<br>Magst du mein Zimmer?<br>▪ определен член, неопределен член и одречен членски збор во номинатив и акузатив;<br>Ist das dein Bruder? – Nein, ich habe keinen Bruder. Ich habe eine Schwester.<br>Mein Bruder hat kein Bett, sondern ein Sofa.<br>▪ именки<br>▪ множина на именките<br>das Bett – die Betten, der Schrank – die Schränke, das Regal – die Regale, der Schreibtisch – die Schreibtische, der Stuhl – die Stühle, der Teppich – die Teppiche, die Wand –die Wände, die Tür– die Türen, das Fenster – die Fenster<br>▪ описни придавки во предикативна употреба<br>Der Stuhl ist unbequem, aber der Sessel ist bequem. Mein Zimmer ist hell und gemütlich. | – подредување зборови по правилен редослед;<br>– поврзување синоними или антоними;<br>– преведување лексички единици и едноставни граматички структури од германски на мајчин јазик. | секојдневни ситуации кои вклучуваат едноставна и директна размена на информации за познати теми; |
| 2.4 | – да даде основни информации за својот дом и за училиштето | ▪ присвојните членски зборови вономинатив и акузатив<br>Meine Tante wohnt in Berlin. Ihre Wohnung ist klein. Sie möchte ihre Wohnung verkaufen. Ihr Mann hat ein Auto. Sein Auto ist modern. | – подредување елементи во реченица според правилен редослед;<br>– пишување реченици според дадени слики или аудуи-визуелни информации;<br>– пишување пораки; пишува | 2.4.1 раскажува сопствени искуства;<br>2.4.2. опишува надворешен изглед и простории<br>2.4.3. направи разлика меѓу формално и неформално обраќање |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ▪ определба за место: предлог + датив со предлози што наложуваат само датив: *bei, zu*<br>Peter ist zu Hause.<br><br>▪ определба за насока: предлог + датив со предлози што наложуваат само датив: *bei, nach, zu*<br>Peter geht nach Hause. Ich laufe zum Bahnhof.<br><br>▪ определба за место (предлог + датив) и определба за насока (предлог + акузатив) со предлози што наложуваат и датив и акузатив: *in, an, auf, neben, vor, hinter, unter, über, zwischen*<br>Das Buch liegt auf dem Bett. Die Gitarre steht hinter der Tür. Ich hänge ein Bild an die Wand. An der Wand hängt ein Bild. Im Schrank hängen meine Hosen und Hemden.<br><br>▪ определба за време: предлог (*an, in, von)* + датив, предлог (*um, bis*) + акузатив<br>Am Montag muss ich um halb acht in der Schule sein. Der Unterricht dauert von halb acht bis eins. In der Pause esse ich ein Sandwich. | краток мејл;<br>– пишување одговори на поставено прашање. | 2.4.4. применува новонаучени зборови и изрази во нов контекст |
| 2.5 | – да изрази лично мислење за изгледот на домот и на собите | ▪ прилогот *dann*<br>Ich muss heute Deutsch lernen und dann zu Oma gehen, aber das Wetter ist so schön und ich möchte lieber auf den Sportplatz gehen.<br><br>▪ приредувачкиот сврзник *oder* | – учество во кратки комуникациски ситуации;<br>– играње улоги според дадени модели;<br>– формулирање говорни искази врз основа на дадени зборови – потсетници. | 2.5.1. разбира и да издвојува изрази за опишување на домот;<br>2.5.2. пренесе основни информации со сопствени зборови;<br>2.5.3. применува соодветни јазични функции за водење разговор; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Wo möchtest du lieber wohnen? In einer Wohnung oder in einem Haus? Ich möchte in einem Haus wohnen, aber meine Eltern wollen das nicht.<br><br>▪ зборoред во исказна реченица што почнува со определба за место или за време<br><br>In der Schule kaufe ich mir ein Pausenbrot oder trinke nur Kakao. Am Vormittag haben wir Unterricht.<br><br>**Г) Интеркултурни содржини**<br><br>- Плакат: Meine Wohnung<br>- Плакат: Mein Traumzimmer<br>- Секојдневието на младите - Проект: Ich in Deutschland<br>- Секојдневие кај тинејџери- Проект: Theaterstück<br>-Проект: Mein Traumklassenzimmer | | 2.5.4. искаже лично мислење со помош на едноставни реченици;<br>2.5.5.анализира реченици според зборoредот во реченицата;<br>2.5.6.ги препознава и да ги исправа сопствените грешки при зборување. |

| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Стандарди на оценување** |
|---|---|---|---|---|
| **3** | **3. Секојдневен живот** | | | |
| 3.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>– да идентификува јазични, лексички и граматички единици за да разбере пишуван и говорен текст | **А) Јазични функции**<br><br>▪ детално опишување на секојдневието<br>Ich stehe auf, gehe ins Bad und ziehe Hose, Bluse und Schuhe an. Ich esse gern Brot, Wurst und Käse und trinke Tee.<br><br>**Б) Лексички единици**<br><br>▪ секојдневни активности и лична | – одговарање на поставено прашање,<br>– поставување прашања и давање одговор,<br>– играње по улоги според дадени модели;<br>– пополнување текст со | **Ученикот/ученичката може да:**<br><br>3.1.1. идентификува клучни зборови и изрази поврзани со темата;<br>3.1.2. користи новонаучени изрази во нов контекст;<br>3.1.3.одбере потребни податоци од дадена тематика;<br>3.1.4. ја примени граматиката |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | хигиена, храна и пијалаци, дневни оброци, броеви од 100 до 1.000, облека, цени<br>Ich stehe um sieben Uhr auf. Ich wasche mir das Gesicht. Zum Frühstück esse ich Brot und Butter und trinke Milch.; das Brot,der Käse, die Wurst, die Butter, das Fleisch, der Fisch, das Obst, das Gemüse,die Milch, der Saft, der Tee, der Kaffee, das Wasser; der Rock,der Pulli, das Hemd, die Bluse, das T-Shirt, das Kleid, die Hose, die Jacke, die Jeans<br>▪ делови од денот и оброци<br>der Morgen,der Vormittag,der Mittag, der Nachmittag,der Abend das Frühstück, das Mittagessen, das Abendessen<br>**В) Граматички структури**<br>▪ прилошка определба за време, за место и за начин<br>Morgens frühstücke ich schnell zu Hause. | паразнини;<br>– подредување елементи во реченица според правилен синтаксички редослед;<br>– образување реченици со помош на понудени зборови | |
| 3.2. | – да се изрази писмено и усно на познати теми од секојдневието | ▪ личната заменка за општествена дистанца *Sie*<br>Essen Sie Spaghetti? Was kochen Sie oft?<br>▪ прашални зборови<br>▪ прашални заменки (*wer, was*) во номинатив и во акузатив<br>Wer möchte Pizza essen?<br>Was isst du gern?<br>▪ прашални прилози (*wann, wo*)<br>Wann musst du dein Zimmer aufräumen? | – дополнување реченици ;<br>– подредување реченици ;<br>– писмен одговор на структурирани прашања<br>– пишување краток текст според дадени насоки;<br>– преведување јазични функции од германски на мајчин јазик. | 3.2.1. направи разлика меѓу формален и неформален текст<br>3.2.2. наведе примери за секојдневни активности и настани<br>3.2.3. го опише своето секојдневие<br>3.2.4. применува новонаучена лексика во нов контекст<br>3.2.5. ја пренесе суштината од германски на мајчин јазик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.3.<br><br>3.4 | – да примени едноставни јазични функции во едноставна и директна размена на информации во познати секојдневни и вообичаени ситуации<br><br>– да опише ситуации од блиското и од подалечното опкружување | ▪ прашален прилог + придавка (*wie viel*)<br>Wie viele Bücher hast du?<br>▪ изговор и прозодија<br>▪ долги самогласки<br>Haar, fahren, Tee, sehen, geben, ihr, Kino, Uhr, Schule<br>▪ кратки самогласки<br>Mann, lernen, Grippe, Suppe<br>▪ двогласки *ei, au, eu*<br>meine, auch, heute<br>**Г) Интеркултурни содржини**<br>-Појадок или ручек некаде во светот -<br>Проект : постер за појадок или ручек<br>-Проект : Рецепт | – вежби пред слушањето за воведување во содржината;<br>– слушање автентични говори и дијалози;<br>– вежби за селективно разбирање при слушање;<br>– дополнување текст со празнини;<br>– подредување сегменти.<br><br>– внесување главни информации во вежби со повеќечлен избор или точно / погрешно;<br>– поврзување прашање со одговор;<br>– дополнување табела со селектирани информации;<br>– одговарање на прашања со целосни реченици со правилна употреба на едноставна лексика;<br>– составување реченици со | 3.3.1. идентификува едноставни, експлицитни и имплицитни информации во говорен и пишуван текст<br>3.3.2. применува јазични и лексички единици за опис на секојдневна ситуација<br>3.3.3. толкува глобално и селективно изрази и информации во секојдневната комуникација<br><br>3.4.1. идентификува информации во текст со секојдневна содржина<br>3.4.2. издвои селективно важни информации<br>3.4.3. разликува и да применува јазични функции за опишување секојдневни ситуации во директна размена на информации<br>3.4.4. го разбере значењето на непознатата лексика од |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | помош на понудени изрази. | контекст |
| 3.5 | да применијазични функции за искажување лични навики и ставови во врска со познати теми од секојдневието | | – одговарање на поставено прашање;<br>– подредување зборови по правилен редослед;<br>– формулирање говорни искази врз основа на дадени зборови. | 3.5.1. ја идентификува основната идеја во пишуван и во говорен текст<br>3.5.2. применува јазични функции за опишување ситуации од секојдневниот живот<br>3.5.3. го изрази својот став со употреба на едноставна лексика и на на граматички структури<br>3.5.4. ги анализира и да ги поправа сопствените грешки |

| **Ред. број** | **Резултати од учење** | **Содржини и поими (примери)** | **Активности и методи** | **Стандарди на оценување** |
|---|---|---|---|---|
| **4** | **4. Слободно време** | | | |
| 4.1. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br>– да издвои глобално и селективно важни информации што се однесуваат на активности во слободното време | **А) Јазични функции**<br>▪ Искажување на сегашни и минати дејства, опишување на временските услови<br>Gestern habe ich Mathe gelernt, aber heute lerne ich nicht.Heute regnet es. Morgen scheint die Sonne.<br>**Б) Лексички единици**<br>▪ активности во слободното време<br>Ich sehr gern fern oder treffe meine Freunde. | – одговарање на поставено прашање;<br>– поставување прашања и давање одговор;<br>– пополнување реченици со празнини со потребен вокабулар;<br>– подредување елементи во реченица според правилен | **Ученикот/ученичката може да:**<br>4.1.1. препознае клучни информации поврзани со темата;<br>4.1.2.издвојува клучни информации за минати и за сегашни настани<br>4.1.3. разликува граматички структури за изразување на сегашно и на минато дејство<br>4.1.4. употребува глаголи во |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.2. | – да разбере вообичаени искази што се однесуваат на слободното време | Mein Freund spielt gern Fußball und Gitarre.<br>▪ годишни времиња, месеци, временски услови<br>Im Herbst regnet es. Im Winter ist es kaltund im Sommer ist es warm. Die Sonne scheint.<br>**B) Граматички структури**<br>▪ глаголи:<br>▪ презент од често употребувани слаби, јаки и модални глаголи во еднина и множина во потврдна, прашална и заповедна форма :<br>Ich gehe auf den Sportplatz. Ich möchte Tennis spielen. Komm mit! Was möchtest du spielen?<br>▪ претеритум од *haben* и *sein*<br>Ich war im Kino. Ich hatte keine Karte.<br>▪ претеритум од модалните глаголи *müssen, können, wollen*<br>Gestern musste ich zu Hause bleiben und lernen.<br>▪ перфект од често употребуваните слаби глаголи со помошните глаголи *haben* и *sein*<br>kochen, kaufen, machen, spielen, hören, lernen, zeichnen, fragen, sagen, wohnen, suchen, kosten, starten, wandern<br>Ich habe ein Buch gekauft. Es hat nur 2 Euro gekostet. Das Flugzeut ist um drei Uhr gestartet. Ich bin drei Stunden gewandert.<br>▪ перфект од често употребуваните | синтаксички редослед;<br>– дискусија.<br>– дополнување реченици;<br>– подредување реченици;<br>– писмен одговор на структурирани прашања;<br>– поврзување на антоними или на синоними;<br>– проширување реченици;<br>– пишување краток текст според дадени насоки;<br>– преведување лексички единици и едноставни граматички структури од германски на мајчин јазик. | перфект за да искаже минато дејство<br>4.1.5. одбере потребни лексички и граматички структури и да ги употреби во нова ситуација<br>4.2.1. опишува секојдневни активности и настани<br>4.2.2. применува новонаучена лексика и граматички структури во нов контекст<br>4.2.3. креира искази со едноставни граматички структури за опишување на сегашни или минати секојдневни ситуации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4.3. | – да примени јазични и лексички единици за да опише активности во слободното време | јаки глаголи со помошните глаголи *haben* и *sein*<br>bleiben, fahren, fliegen, laufen, gehen, schlafen, springen, waschen<br>Annette ist nach Hause gegangen. Ich bin nach Berin geflogen. Martin hat drei Stunden geschlafen. Ich habe meine Bluse gewaschen.<br>▪ перфект од често употребуваните деливи глаголи со помошните глаголи *haben* и *sein*<br>aufwachen, umsteigen, einschlafen, einkaufen.<br>Peter ist um sieben Uhr aufgewacht. Anna ist in Berlin umgestiegen. Wir haben Obst eingekauft. | – поврзување лексика со опис или илустрација;<br>– слушање автентични говори или дијалози;<br>– вежби за селективно разбирање при слушање;<br>– пополнување текст со празнини;<br>– поставување прашања и давање одговори. | 4.3.1. класифицира конкретни и специфични информации<br>4.3.2. применува познати изрази во нов контекст<br>4.3.3. применува лексички единици и граматички структури за опишување сегашна или мината ситуација<br>4.3.4. толкува глобално и селективно информации во секојдневната комуникација |
| 4.4 | – да разбере клучни информации што се однесуваат на активности во слободното време | **Г) Интеркултурни содржини**<br>Патување за викенд<br>Проект: Мојот викенд во Германија | – препознавање глобални информација во пишуван текст преку вежба со повеќечлен избор или точно / погрешно;<br>– поврзување прашање со одговор;<br>– дополнување табела со селектирани информации од говорен текст;<br>– играње по улоги според дадени модели;<br>– подредување делови од реченици или пасуси од текст; | 4.4.1. препознава и да поправа сопствени грешки<br>4.4.2. издвои селективно важни информации<br>4.4.3. дава примери за активности во слободното време<br>4.4.4. разликува и да применува јазични функции во искази за активности во слободното време во директна размена на информации<br>4.4.5. применува лексички единици |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | – составување реченици со помош на понудени изрази. | |
| 4.5 | – да опише минати и сегашни настани на едноставен јазик | | – вербална реакција на поставено прашање;<br>– подредување зборови во правилен редослед;<br>– подредување пасуси од реченици;<br>– формулирање искази врз основа на дадени изрази. | 4.5.1. применува јазични функции за да го опише своето слободно време<br>4.5.2. анализира информации за минати и сегашни настани<br>4.5.3. опишува сегашни и минати настани<br>4.5.4. ја пренесе суштината од германски на мајчин јазик |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показателите за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите ученици и сл. (формативно оценување). Секоја активност на часот при која учениците ја искажуваат јазичната активност, било на рецептивно, репродуктивно или продуктивно ниво, дава можност за воочување на напредокот и негово вреднување. Тоа значи дека евалвацијата се врши како интегрален дел на самиот наставен час, а не како изолиран чин. Постапките на проверка на знаењето, како и оценувањето на ученикот, не треба да се разликуваат од вообичаените активности на часот, односно учениците да не се издвојуваат од групата при проверката на усното јазично реагирање.<br>Оценувањето на постигањата на учениците треба да биде транспарентно и согласно нивоата од Блумовата таксономија. Следењето и оценувањето на постигањата на учениците треба да се врши плански, систематски и континуирано во текот на целата учебна година. Вреднувањето на напредокот на учениците ќе се врши со бројчани оценки во текот на училишната година. Од вкупниот број оценки, две ќе се базираат на писмени работи, додека останатите оценки ќе се базираат на усни одговори, учество во комуникативни активности, домашни задачи, индивидуални и групни изработки на проекти и тестови. Учениците треба однапред да бидат запознаени со критериумите и начинот на оценување. Критериумите за формирање оценка треба да се експлицитни како за ученикот, така и за родителот, т.е. да се објаснат уште на почетокот на учебната година и наставникот да се придржува до тие критериуми. Како критериуми можат да се земат: оценките од усното искажување, оценките од писмените работи/тестови, оценките од активноста на часот, изработката на домашни задачи, изработка на презентации и проектни задачи.<br>На крајот на **седмо** одделение учениците ќе бидат оценети со бројчана оценка. |

| | |
|---|---|
| **Дидактички препораки** | Целта на овие дидактички препораки е да помогнат на наставникот/наставничката да ги постигне поставените цели применувајќи во наставата најнови сознанија од подрачјето на дидактиката и методиката на наставата по странски јазици, педагогијата и психологијата, т.е. позитивни домашни и странски искуства поврзани со наставата и учењето на германскиот јазик, но притоа да не ја ограничува неговата/нејзината креативност.<br>Во планирањето на наставата за седмо одделение  земени се предвид содржините во наставните програми по другите предмети кои се изучуваат во истото, односно почитуван е принципот на меѓупредметно поврзување во однос на целите и содржините со акцент на интегрираното поврзување со содржините од мајчиниот јазик.<br>Фокус на вниманието на современата настава е ученикот/ученичката и процесот на учење. Треба да се почитуваат возраста, потребите, интересите на учениците. Наставникот не е повеќе единствен извор на знаења и информации и неговата улога не е само пренесување на знаења. Неговата улога е да ги поттикнува учениците да користат и други извори на знаења и информации и да ги учи како да учат.<br>При изборот на активностите треба да се води сметка за диференцијацијата и разновидноста. Треба да се одберат или адаптираат активности кои би одговарале на различните стилови на учење (визуелен, аудитивен, кинестетички); различните видови интелигенција (вербална-лингвистичка, математичко-логичка, музичко-ритмичка, визуелно просторна и други), како и на нивоата на знаењата на учениците.<br>Треба да се има предвид дека менувањето на различни форми на работа во наставата (фронтална, индивидуална и работа во парови и групи, истражувачка работа, работилници), како и менувањето на пократки и подолги, побучни и потивки активности, периодите на сконцентрирано внимание и опуштање на учениците за време на часот, ја подобруваат мотивацијата за учење.<br>Наставата по германски  јазик се заснова на холистичко учење кое ги опфаќа когнитивните, афективните и моторните аспекти на учениците, односно наставникот ќе ги интегрира различните компоненти  со што јазикот ќе се учи на функционален начин. Согласно горенаведеното, за изучување странски јазик не може да се определи, односно не е можно да се планира бројот на часовите по одделни компоненти.<br>Наставата за оваа возрасна група се ориентира на когнитивното учење со зголемена експликација на јазичните структури со свесна примена на јазичните структури во контекст и постапно воведување на граматичкиот метајазик. Во овој период се настојува воедначено да се развиваат говорната и писмената комуникација. Тоа значи дека се обрнува подеднакво внимание на сите јазични вештини: Разбирање при Слушање и при Читање, Зборување, како од аспект на говорна интеракција, така и од аспект на говорна продукција, како и вештината Пишување.<br>Наставникот треба да ја поттикнува и развива автономијата на учениците преку активности и задачи кои ги оспособуваат да ја преземат одговорноста за своето сопствено учење и знаењето кое го стекнуваат во формален контекст на учење (во училница) и да го користат надвор од неа. Од ова произлегува дека на часовите по германски  јазик  се стекнуваат основни јазични и социопрагматични знаења и знаења кои се врзани со самиот процес на учење.<br>Од наставникот/наставничката се очекува  да ги учи учениците да развиваат и применуваат стратегии на успешно учење. |
| **Литература и други извори** | **Учебник и прирачници одобрени од Министерството за образование и наука и други извори на учење.** |

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | **Учебна 2020/2021 година** |
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-1744/2<br>30.1.2020 година**<br><br>**МИНИСТЕР,<br>Dr. Arbër Ademi** |